ИСОС
Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/292
11.09 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа Член 10 од Законот за вршење на сметководствени работи (Службен весник на РМ бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15. 23/16 и 190/16), член 31 став 14 и став 25 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ со Одлуката бр. 0302/291 Управниот Одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ, на седница одржана на ден 11.09.2017 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИ
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

## Член 1

Со овој Правилник за критериуми за утврдување на цената за сметководствени услуги се регулираат видот на услугата и соодветните критериуми кои се предвидени за истата , а кои се применуваат од страна на давателот на услугата (трговец поединец- сметководител, трговец поединец-овластен сметководител и друштво за вршење на сметководствени работи).

## Член 2

Давателот и корисникот на сметководствените услуги, при извршувањето на своите работи утврдени во договор, имаат обврска да ги применуваат следните законски и подзаконски прописи: Законот за трговските друштва, Законот за ревизија, Закон за државната ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, МСФИ, МСФИ за МСЕ, МСС, Законот за сметководство за непрофитни организации, Законот за Управата за јавните приходи, Законот за исплата на плати во РМ, Закон за минимални плати во РМ, Законот за данок од добивка, Законот за персонален данок од доход, Законот за акцизите, Законот за данок на додадена вредност, Законот за девизно работење, Законот за трговија, Законот за данок на имот, Царинскиот закон, Законот за банки, Законот за работните односи, Законот за облигационите односи и позитивните прописи од областа на финансиското и сметководствено работење. Раководејќи се по именуваните законски и подзаконски прописи, давателот на сметководствените услуги може да ги извршува следните пропишани услуги:

**1.**Изработка на годишна сметка и/или финансиски извештаи;

**2.**Пресметка на данок на додадена вредност

**3.**Пресметка на данок на добивка или персонален данок на доход

4.Пресметка на останати јавни давачки

5.Пресметка на плати (составување на МПИН)

6.Контирање (книговодствено евидентирање) и составување на налози за книжење

7.Контирање и книговодствено евидентирање на деловни настани од денарски банкови изводи

8.Контирање и и книговодствено евидентирање на деловни настани од девизни банкови изводи

9.Водење на главна книга (синтетика)

10.Водење на помошни книги (аналитика)

11.Водење на аналитика на купувачи и добавувачи

12.Водење на аналитика на дадена и примена позајмица

13.Водење на аналитика на краткорочни и долгорочни кредите од земјата и странство

14.Финансиско евидентирање на прием калкулации и/или влезни/ излезни фактури

15.Слагање на финансиски картици

16.Слагање на финансовата со материјалната евиденција што ја води клиентот

17.Печатење на спецификација од аналитичка евиденција

18.Штампање на компензации

19.Изготвување и обработка на налози за книжење во хартиена односно електронска форма со примена на програми за книговодствени услуги

20.Доколку книговодствената евиденција на деловните настани се врши во електронска форма со примена на посебни програмски системи за книговодствена евиденција задолжително треба да се изврши пренос на книговотствените налози во електронска во хартиена форма

21.Чување на доверената тековна документација до предавање на годишнта пресметка и

22. Други договорни сметководствени услуги кои не се именувани погоре.

**Член 3** .

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

Утврдување на висина на цена за вршење на книговодствени и сметководствени работи страните договорно ја определуваат врз основа на кумулативно исполнување на пропишани законски и договорни работни задачи/услуги наведени во член 2 од Правилникот, а врз основа и на остварениот годишен вкупен деловен приход на корисниците на услугите. Финансиските приходи не се земени во предвид при утврдување на овој критериум.

При кумулативното исполнување на критериумите потребно е да се има во предвид процентуалното учество на некои променливи критериуми во законските и договорените работни задачи според кои се формира цена на сметководствената услуга во посебен ценовник на давателот на услугата, како што е опишано подолу:

**1.**Остварениот годишен вкупен деловен приход на корисниците на услугите може да учествува со приближно **70%**

**2.**Пресметка на плати (составување на МПИН) до пет вработени може да учествува со приближно **10%**

**3.**Контирање и книговодствено евидентирање на деловни настани од денарски банкови изводи до две банки може да учествува приближно со **5%**

**4.**Контирање и и книговодствено евидентирање на деловни настани од девизни банкови изводи до две банки може да учествува приближно со **5%**

**5.**Финансиско евидентирање на прием калкулации и/или влезни/ излезни фактури од 1 до 10 месечно препорака е да учествува приближно со **10%**

**Сложеноста на трудот,** која зависи од бројот на ставките во сметководствените документи, определувањето и примената на соодветен законски и подзаконски пропис или стандард, број на вработени, структура евиденции кај клиентот, го зголемува обемот на работењето а според тоа и месечната цена за сметководствени услуги и тоа:

-за ниска сложеност се предвидува од 1 до 1,2 пати повисок износ од вкупната договорно утврдена пресметана месечна цена;

-за средна сложеност се предвидува од 1,3 до 1,6 пати повисок износ од вкупната договорно утврдена пресметана месечна цена

-за висока сложеност се предвидува од 1,6 до 2 пати повисок износ од вкупната договорно утврдена пресметана месечна цена.

**Член 4**

Утврдување на остварениот вкупен приход кај корисниците на услугите се утврдува врз основа на ревидирана и/или доставена годишна сметка и соодветните АОП позиции опишани подолу:

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

**1.**Кај профитните субјекти се зема во предвид податокот кој е искажан на АОП 201 од Билансот на успех, без финансиските приходи искажани на АОП 223;

**2.**Кај вршителите на самостојна дејност се зема во предвид приходите од самостојна дејност, член 28 од Законот за персонален данок од доход, приходите од вршење на професионални и други интелектуални услуги, приходи од земјоделска дејност и други дејности, приходите од стопанска дејност, услужна, трговска, угостителска, превозничка и др. слични дејности;

**3.**Кај непрофитните организации се зема во предвид приходот според член 13 од Законот за непрофитните организации (модифицирано настанување на деловните трансакции) и признавањето на приходите кои се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположивост;

**4.**За субјектите корисници на книговодствени односно сметководствени услуги кои подолг временски период се во процес на инвестицирање и немаат остварени приходи приоритетни при определување на надоместок за вршење книговодствени и/или сметководствени услуги, ќе треба да се имаат во предвид останатите критериуми, при што треба да преовладува критериумот на влезни трошоци и износот на годишната инвестиција;

**5.**Сите кумулативните критериуми се земени во предвид за деловната година со можна отстапка од 10% +/-;

**6.**Доколу секој давател на услугата во своите договори утврди можност за анализа и редефинирање на цената на утврдениот месечен надоместокот заради промена на критериумите и нивно значително отстапување, согласно овој правилник има можност во пресметковната година да изврши усогласување користејќи задолжение/ одобрение кон клиентот – корисник на услугите.

**Член 5**

Со овој Правилник се определени критериумите според остварениот годишен приход од работењето кај корисниците на услугите, кои критериуми е потребно да бидат опфатени при утврдување на цена на давателите на сметководствени услуги и тоа:

**1.**За корисник на услуга со остварен годишен приход од работењето од 1,00 денари до 400.000,00 денари.

**2.**За корисници на услуги кои не се регистрирани ДДВ обврзници/микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 400.001,00 ден.до 1.000.000,00 денари.

**3.**За корисници на услуги кои се регистрирани ДДВ обврзници /микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 400.001,00 ден.до 1.000.000,00 денари.

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

4.За корисници на услуги е кои не се регистрирани ДДВ обврзници (без право на одбивка) микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 1.000.001,00 до 3.000.000,00 денари.

5.За корисници на услуги кои се регистрирани ДДВ обврзници /микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 1.000.001,00 до 3.000.000,00 денари.

6. За корисници на услуги кои не се регистрирани ДДВ обврзници (без право на одбивка) микро/мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 3.000.001,00 до 6.000.000,00 денари.

7. За корисници на услуги кои се регистрирани ДДВ обврзници микро/мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 3.000.001,00 до 6.000.000,00 денари.

8. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 6.000,001,00 до 10.000.000,00 денари.

9. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 10.000.001,00 до 15.000.000,00 денари.

10. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 15.000.001,00 до 20.000.000,00 денари.

11. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 20.000.001,00 до 25.000.000,00 денари.

12. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 25.000.001,00 до 50.000.000,00 денари.

13. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 50.000.001,00 до 100.000.000,00 денари.

14. За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 100.000.001,00 до 200.000.000,00 денари.

15. За корисници на услуги /мали и средни субјекти/ со остварен годишен деловен приход од работењето над 200.000.001,00 денари.

16.Надоместок за изготвување на годишна сметка и финансиски извешати за сите клиенти како дополнителна услуга договорно се утврдува како еднократен надоместок од една минимална месечна надокнада

**17.**Изготвување годишна пресметка за клиенти кои се неактивни

**18.**Консултантски услуги од областа на сметков. и финансиите за 1 час.

**19.**Писмено мислење и консалтинг од областа на сметк. и финан.за 1 час.

**Член 6**

Утврдувањето на висина на минималните трошоци за вршење на книговодствени и сметководствени работи/услуги во ценовниците кај давателот на услугата се пресметува согласно кумулативното исполнување и пресметка согласно член 2; 3; 4 и 5 од овој Правилник, и согласно исплатената просечна бруто плата по работник (ИПБПР) во РМ од претходната година како што следи :

1. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 1 изнесува 6% од ИПБПР
2. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 2 изнесува 10% од ИПБПР
3. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 3 изнесува 13% од ИПБПР
4. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 4 изнесува 12% од ИПБПР
5. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 5 изнесува 15% од ИПБПР
6. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 6 изнесува 16% од ИПБПР
7. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 7 изнесува 21% од ИПБПР
8. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 8 изнесува 26% од ИПБПР
9. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 9 изнесува 32% од ИПБПР
10. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 10 изнесува 37% од ИПБПР
11. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 11 изнесува 43% од ИПБПР
12. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 12 изнесува 49% од ИПБПР
13. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 13 изнесува 75% од ИПБПР
14. Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 14 изнесува 131% од ИПБПР

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

15.Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 15 изнесува 187% од ИПБПР
16.Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 17 изнесува 27% од ИПБПР
17.Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 18 изнесува 8% од ИПБПР
18.Кумулативното исполнување на чл.2 ,чл.3, чл.4 и чл.5 точка 19 изнесува 19% од ИПБПР

**Член 7**

Овој правилник не се однесува при склучување на договорите за вршење сметководствени работи со корисниците на услуги кои се обврзници на паушално определен приход.

**Член 8**

На износите на трошоците и надоместоците за вршење на книговодствени и сметководствени работи/ услуги согласно критериумите од овој Правилник искажани во соодветните Ценовници кај давателите на услугите треба да се пресмета и соодветен ДДВ.

**Член 9**

Договори за вршење книговодствени и сметководствени работи/ услуги сметано од денот на стекнувањето со Лиценца за работа на вршителите на сметководствените работи согласно Законот за вршење на сметководствени работи потребно е да се усогласени со овој Правилник, освен за веќе потпишани договор со прибирање на понуди и јавни набавки. По истекот на рокот на вака склучениот договор, за учество на нови тендери се применуваат одредбите на овој Правилник.

**Член 10**

Согласно Законот за работните односи и Законот за вршење на сметководствени работи, право за потпишување и доставување на годишни сметки имаат:

-Овластен сметководител вработен кај обврзникот за водење на сметководство. Ова лице може да пополни, поднесе и потпише една годишна пресметка за обврзникот каде што е вработен

**Член 11**

Сметководител или овластен сметководител вработен кај трговец поединец-сметководител, трговец поединец- овластен сметководител или Друштво за вршење на

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

сметководствени работи, согласно Лиценцата за работа добиена од Институтот на сметководители и овластени сметководители, може да пополни, поднесе и потпише годишни сметки за сите обврзници за кои субјектот врши сметководствени работи во согласност со Законот за вршење на сметководствени работи.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување од Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители.

Членови на Управен Одбор

1. Ленче Папазовска ____________
2. Тихомир Мурџевски ____________
3. Тони Димитриевски ____________
4. Јован Златевски ____________
5. Орхан Рамадани ____________

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија
ИСОС 1
СКОПЈЕ